## BEYONCE ГИ ШОКИРАШЕ ОБОЖАВАТЕЛИТЕ



Убавата Beyonce Knowles ги шокираше своите конзервативни обожаватели по нејзиното појавување на насловната страница на водечкото американско геј списание "Instict" во кое дала интервју. Во интервјуто открила дека нејзиниот вујко е хомосексуалец, кој пред неколку години починал од СИДА, а од него научила дека хомосексуалците се човечки суштества и дека од нив не треба да се бега. Исто така, таа објаснила, без оглед на тоа што е свршеница, дека никогаш не може да им го сврти грбот на мажите и на жените со геј ориентација, иако според неа тоа е ненормално.

## ПОРАНЕШНАТА МИС СВЕТ НА СУД

Поранешната Мис Свет и глумица Аишварја Раи предизвикала полемики во родната Индија поради филмот "Doom 2", во кој се бакнува со глумецот Хритки Рошан и тоа на многу недоличен начин. Поради тоа, една тамошна обвинителка Шилендра Двивед одлучила да ја тужи.



"Сцената е недостојна и погрдна за жена и им испраќа негативна порака на младите на оваа земја", рекла обвинителката и додала дека холивудската глумица внесува вулгарност во нивното општество.

"Овој филм не може да се гледа со фамилијата. Во некои моменти е премногу вулгарен", констатирала огорчената обвинителка.






## ПЕНЕЛОПЕ КРУЗ НАЈДОБРА ЕВРОПСКА АКТЕРКА



Актерката Пенелопе Круз е најдобрата европска актерка годинава за нејзината улога во филмот "Враќање", кој е апсолутен победник на доделувањето на европските оскари. Пет престижни награди "Феликс" зеде "Враќање": Педро Алмодовар е најдобриот европски режисер, наградена е и музиката на Алберто Иглесијас и фотографијата на Хосе Луис Алкане, а сè тоа е зачинето и со наградата за најдобар филм од публиката. Претходно, овој филм на шпанскиот режисер беше чествуван и во Кан, каде ја доби колективната награда за женската актерска екипа, а Алмодовар беше најдобар сценарист.